Проф. д-р Трајче Нацев

Доц. д-р Драган Веселинов

Универзитет “Гоце Делчев”-Штип, Република Македонија

## Одбраната и заштитата во Македонија од Антиката до Првата светска војна

Потребата на човекот за негова одбрана и заштита постоела од секогаш. Низ историјата таа потреба се наметнувала и условно развивала во однос на временските периоди и нивните карактеристики. Така човекот обидувајќи се да се одбрани и заштити од разните загрозувања се организирал користејќи ги можностите и приликите кои се нуделе во зависност од историскиот период.

Територијата на Македонија низ историјата претставува сведок на бројни разурнувања на стари и изградба на нови општетствено-политички заедници како последица на разни видови на опасности и загрозувања. Сето тоа ја наметнало потребата на човекот за одбрана и заштита од истите.

Почетокот на појавата на населените места, посебно градовите ја наметнале потребата од организирање на одбраната и заштита во **античкиот период** во Македонија. Во нив биле сместени државните управи, занаетчиите, трговците и сл. што претставувале големи материјални вредности за едно тогашно општество. Како основна форма на одбрана и заштита на градовите било нивното утврдување. Меѓутоа покрај градовите и другите помали населени места исто така за нивна одбрана и заштита биле утврдувани или пак имале посебно утврдени места за заштита на луѓето и стоката. На подрачјето на Македонија се регистрирани отприлика околу 500 утврдени места кои биле поврзани меѓусебе со локални, регионални и магистрални патишта. (Микулчиќ И.: 1999: 191) Така фортификацијата претставувала основа на одбраната и заштитата на населените места. Со брзиот развој на опсадните машини се појавила потребата од зајакнување на фортификацијата со додавање на одредени фортификациски елементи како што се кулите, портите, заштитните ровови како и уцврстување на тврдините. Сето тоа пред се зависело од големината и значењето на некој град како и од местоположбата, карактеристиките на почвата и сл..

Кулите претставувале основа во зајакнувањето на утврдувањата. Тие имале четвртаста или заоблена форма и нивниот распоред и број на утврдувањата зависел од повеќе фактори како што биле местоположбата и големината на утврденото место. Нивната цел била да се покрие целиот бранет простор околу ѕидините. (Микулчиќ И.:1999: 242)

Во утврдувањата постојат главни и споредни влезови (за комуникација со субурбиумот) кои секогаш биле бранети со одбранбени кули а одбраната дополнително зајакната како кај Порта Принципалис на градот Брагала (Нацев Т.: 2008,46-50) со надворешен и внатрешен пропугнакулум а кај североисточната порта кај истиот доцноантички град само со внатрешен пропугнакулум. (Нацев Т.: 2010)

Заштитните ровови (fosa) како фортификациски елементи имале за цел да ги задржат или отежнат директните напади врз утврдувањето односно населените места. Тие биле копани околу утврдувањето со прилична длабочина која била ефикасна во спречување на директен напад, а имало и места каде со двоен ров за што поефикасно спречување и одбрана од напад. (Микулчиќ И.:1999: 191)

Од периодот на Диоклецијан и Константин, утврдувањата ја менуваат својата форма и позиција, губејќи го централниот дел, а кулите и портите добиваат нови форми кај поголем дел на утврдувањата. Така за подобра одбрана и заштита на градовите тие биле трансформирани во кастрони кои претставувале големи воени тврдини, седишта на воената, цивилната и црковната власт, и истите продолжиле да егзистираат натаму низ вековите до доцниот среден век како единствена замена за поранешните градови Микулчиќ И.:1999: 13)

Воглавно на територијата на Македонија во античкиот период се среќавале два вида на утврдувања: воени и цивилни. Како воени утврдувања се среќавале Castelum-гратчиња (oppidum) и Castelum стражи (speculae) додека цивилните ги сочинувале збегови (refugia) и утврдени села (vici murati),

*Castelum-гратчиња (oppidum),* биле урбанизирани, градени по однапред одреден план. Имале редовно кули, а највисоката позиција е издвоена за акрополата со одбранбени ѕидови, исто како и другиот дел од градот. Во нив, речиси, секогаш се наоѓало ранохристијански базилики. Цистерните за вода се основните градби кои се појавуваат во оваа категорија на градови.

Овој тип на утврдување зафаќа површина од 1,5 до 2 хектари кај помалите и 4 до 6 хектари кај поголемите. (Микулчиќ И.:1999: 143)

*Castelum стражи(*speculae*),* се помали или многу мали тврдини. Тие биле изградени на доминантни позиции, имале силни одбранбени ѕидови, и најчесто се со една одбранбена кула. Овој тип на утврдување најмногу бил поставуван покрај некој премин, граница или покрај рудниците или пак влегуваат во системот на одбраната на поголемите утврдувања или градови.

*Збеговите (refugia),* се граделе на скриени места, на зафрлени и тешко пристапни терени. Тие најчесто биле сместени во ридестите и планинските предели, опкружени со планинските пасишта и шуми.

Ѕидовите се ѕидале со малтер а многу ретко и сувоѕид, повлечени по работ на стрмнината. Збеговите немале кули и биле користени повремено во случај на напади, а многу покасно и како постојано населени места.

Нивната големина најчесто се движи околу 1 хектар а не е исклучена можноста таа граница да биде поместена во нагорна или надолна линија.

Утврдените села (vici murati), се наоѓале во питомите долини, поставни на мали возвишенија кои се гледаат од далеку. Тие се лесно пристапни и опкружени со обработлива површина. Ѕидовите биле градени со веќе познатите техники без кули и можеле да се одбранат само од мали воени формации. Овој тип на утврдувања зафаќаат површина од околу 2 - 3 хектари, оставајќи простор и утврдувања со помала површина и до 1 хектар.

На одредени места во Македонија во античкиот период, овој тип на утврдувања секогаш се наоѓал блиску до одредено воено утврдување и до civitas.

Покрај овие видови на утврдувања имало и осамените одбранбени кули кои секогаш биле во близина и функција на големите утврдувања..

Независно дали биле воени или цивилни сите овие утврдувања имале една единствена цел односно да овозможат соодветна одбрана и заштита на населението и материјалните добра кои се наоѓале во нивната внатрешност.

Целиот овој систем на одбрана и заштита во античкиот период на територијата на Македонија не бил во една линија туку тој бил распореден по длабочина со цел за заштита на цивилното население, комуникациите и економските објекти притоа внимавајќи на стратешката местоположба на утврдувањата.

Во **средниот век** на територијата на Македонија како и во антиката, појавата на војните, територијалните освојувања, ограбувања, експлоатација и слично се сметале за главен извор на опасности и загрозувања. Така и во овој период утврдувањето на населените и други позначајни стопански и верски места претставувало основа во нивната одбрана и заштита.

Покрај тоа што во средниот век се граделе нови утврдувања имало и такви кои потекнувале од доцната антика и поради добрата фортификација чија ефикасност ги задоволувала потребите за одбрана и заштита биле користени и во средниот век. Тие биле градени со техники кои овозможувале нивна цврстина и ефикасност. (Нацев Т.: 2013: 60) Ваквите доцноантички утврдувања чија цврстина била потврдена преку издржувањето на првите напади на словенските племиња со мали поправки или надѕидување повторно биле оспособувани за вршење на своите одбранбени функции. Со тоа тие можеле успешно да се одбранат и од тогашните средновековни опсадни орудија кои биле поразвиени во однос на доцноантичките. Средновековните опсадни орудија како што се каменофрлачките, “овновите”, “желките” и подвижните кули кои биле прекриени со штици и опшиенио со свежо одрана кожа за да не можат бранителите да ги запалат со огнени стрели придонеле одбранбените ѕидови на утврдувањата да бидат зајакнати со други фортификациски елементи како и обликување на тврдините.

Средновековните фортификациски елементи и покрај тоа што биле градени врз основите на доцноантичките сепак имале свои одредени карактеристики. Така тие имале форма и облик со кој полесно ги добивале камењата исфрлени од каменофрлачките. (Микулчиќ И.: 1996:22) Сето ова кое давало соодветна ефикасност во одбранат и заштитата овозможувало да некои средновековни утврдувања изгледале и како вистински бастиони.

Во средниот век кај утврдувањата имало и други одбранбени елементи како што биле заштитни ровови и протеихизми кои биле исти по функција и намена. Во внатрешноста на некои утврдувања имало еден дел кој бил сместен највисоко и се одделувал со еден внатрешен ѕид како акропола (цитадела). Тој дел служел за сместување на воената команда а воедно и како последно засолниште на луѓето кои го бранеле утврдувањето.

Територијата на Македонија во средниот век била подготвена за дефанзивни дејства односно се вршело утврдување на населените места но исто така и на најважните правци и патишта како и на превоите биле подигани тврдини и бојни кули. (Стојчев В.: 2000: 254.)

И во средниот век се среќаваат повеќе видови на утврдени места како што се аули, кастрони, стражи (фуриони), руднички тврдини, збегови, утврдени живеалишта-замоци и сл.. (Микулчиќ И.: 1996:39-79)

Појавата и ширењето на христијанството во овој период овозможило и создавање на храмови-цркви кои располагале со одредено материјално богатство и луѓе кои биле во негова служба. Сите тие исто така биле изложени на разни опасности и загрозувања, па за нивна одбрана и заштита од истите биле градени утврдени манастири и одбранбени кули пирг.

Со пристигнувањето на Османлиите на Балканот односно неговото освојување, на територијата на Македонија населението почнало да ги чувствува последиците од неговото владеење. Се појавиле проблеми од верски, социјален, економски и политички карактер што само ја отежнувало положбата на народот. Поради тоа почнал да се јавува отпор од страна на народот кој резултирал со бројни буни и востанија кои всушност го претставувале и **периодот на револуционерната борба.** Почетните облици на отпор се манифестирале преку појавата на ајдутството за подоцна населението да се организира од страна на внатрешни тајни организации. Така преку организирање на ајдутски дружини па се до оформување востанички чети и организирање и подготвување на населението, се реализирала одбраната и заштита во периодот на револуционерната борба. Овој период се одликува со тоа што се вклучува целото население во таа дејност. Сето тоа всушност и го менува концептот, значењето и суштината на одбраната и заштитата кој се спроведувал во овој период а драстично се разликува од антиката и средниот век. Ова пред се е резултат и е наметнато од опасностите и загрозувањата кои биле карактеристични за периодот на револуционерната борба.

Населението имало голема улога во подготовките за водењето на револуционерната борба. Покрај вооружувањето и снабдувањето со муниција тоа организирало и снабдување со облека, лекови и храна како и копање заклони, длабоки

ровови, маскирање со зеленило. Храната и облеката се складирала во претходно приготвени планински скривалишта. ( Институт за национална историја: 1969: 17, 114 и 115.)

Покрај организацијата во чети за востаничите борби населението се организирало и во милиции и стражи за нивна заштита а вршеле и набљудување и известување за непријателските движења. Голема улога во овој период одиграла и црквата која во одредени случаеви претставувала и организатор на борбите, но и овозможувале засолниште по манастирите за населението.

Организирањето и водењето на одбранбените дејства имала за цел заштита на населените востанички центри во кои населението помагало во подготовките но и за време на востанијата со донесување на храна, муниција, во гасењето на запалените објекти, давање помош на ранетите и сл. За подобро функцинирање во организацијата и подготовките се создавало и техничко, интендантско и санитетско обезбедување.

Поради честата појава на разни заразни болести поготово во селските места организирањето на санитетска дејност имало големо значење во заштитата на здравјето, хигиената, облекувањето, мерки против разни заразни болести и др. За заштита на населението од борбените дејства за време на востанијата се вршела евакуација на неборбеното население кое претежно биле жени, деца и старци се сместувале во планински претходно изготвени логори каде беше складирана и храна за востаниците и населението. (Институт за национална историја: 1969:19 и 146)

Востаничките дејствија оставале тешки последици врз населението посебно по претрпените порази во востанијата. Поради тоа истото не било во можност да овозможи соодветна заштита па се случувало да добие странска помош со која би се ублажиле нивните страдања. Таков е примерот со Илинденското востание кога народот по неговото загушување бил оставен во голема мизерија поради што од страна на други земји како што биле Англија, Франција, Италија, Бугарија и сл. се организирала помош во материјали, облека, храна, медикаменти, организирање на болници и друго со кое се помагало населението да ги преброди тие тешки последици. (Институт за национална историја: 1969: 65)

Масовното учество на населението во револуционерниот период, односно неговите дела, даваат една карактеристика на организираност и способност во

одбраната и заштитата која во понатамошните периоди ќе послужи  како искуство за справување со опасностите и загрозувањата.

За време на **Балканските војни** населението во Македонија многу ги чувствувало последиците од воените дејствија односно страдало од истите. И за време на овој период стратегијата на населението во одбраната и заштитата била слична како и во револуционерниот период. Организацијата во собирање храна, лекови, облека па дури и оружје и муниција претежно ја спроведувало населението. Биле правени импровизирани болници и посебно внимание се посветувало на санитетско-хигиенските дејности со што се водела грижа за здравјето на народот  согледувачќи ја потребата од нејзиното постоење посебно во спречувањето на појавата од заразни болести. (Споменица двадесетпетгодишњице ослобоџења Јужне Србије 1912-1937, Скопље, 1937: 325 и 761.) Покрај ова од страна на населението се вооружувале групи на ниво на месни чети или селски милиции за заштита од непријателски напади. (Стојчев В.: 2000: 527 и 531)

Во планинските предели на некои места пак се формирале бегалски логори каде било евакуирано населението погодено од борбените дејствија.

Карактеристично за овој период е и појава на хуманитарните друштва и организации меѓу кои и на Црвениот крст. Истите тие овозможувале згрижување, лекување, едуцирање и друга слична помош на населението кое било погодено од воените дејствија како и во случај на елементарни непогоди.

Поради фактот дека еден од фронтовите во **Првата светска војната** се простирал на територијата на Македонија каде се одвивале тешки борби и каде биле сместени војските на завојуваните страни населението не било поштедено од ужаси и страдања. Новите видови на оружја кои се појавиле во тој период и нивното неконтролирано користење предизвикале големо пустошење на некои населени места. Тоа пак само по себе говори и за големиот број на човечки жртви но и потребата од одбрана и заштита.

И покрај тоа што од страна на населението во Македонија за време на Првата светска војна немало организирано одбрана и заштита, сепак постоеле одредени облици и елементи во тој дел. Тие претежно имале удел во подобрување на здравјето и хигиената кај населението. Голема улога во заштитата на населението одиграл

Црвениот крст кој имал основано одбори во главни места низ територијата на Македонија со кои се помагало на настраданото население од воените дејствија. Покрај него и други хуманитарни организации се истакнале во заштитата на населението, посебно во лекувањето на болните и ранетите како и згрижувањето на старите изнемоштени лица и децата-сираци. (Споменица двадесетпетгодишњице ослобоџења Јужне Србије 1912-1937, Скопље, 1937: 1041)

Во Првата светска војна населението во Македонија за одбрана и заштита не можело да се ослони на сопствени организирани облици и форми. Но во тој дел придонес дале хуманитарните организации како и некои странски мисии посебно помагајќи му на населението од местата кои најмногу биле погодени од војната.

**Summary**

With historical analysis of the period from antiquity until First World War can be seen that the territory of Macedonia in this time frame existed and organized defense and protection of the population and material goods. Besides all this at the same time it reflects and genesis of its development and the way of organization and functioning which primarily depended of the then current dangers and threats. But regardless of the differences and similarities that have occurred in the way of organization and functioning of defense and protection in those historical periods it had the same objective, i.e. the defense and protection of people and material goods. Actually it is represented by the need and ability of man to his protection and preservation of social values which he was creating, from occurrence dangers and threats that have been present in those historical periods.

**Користена литература:**


1. Институт за национална историја, Книга за Илинден, зборник на трудови, НИП "Нова Македонија", Скопје, 1969;
2. Микулчиќ, И.: Антички градови во Македонија, книга8, Скопје, 1999;
3. Микулчиќ, И.: Средновековни градови и тврдини во Македонија,Скопје, 1996;
4. Нацев, Т: Антиката во Брегалничкиот басен, Штип, 2013;
5. Нацев Т., Фортификацијата на античкиот град Баргала, Зборник на Институтот за Историја и археологија, УГД , Штип 2010.
6. Стојчев, В.: Воена историја на Македонија, Скопје, 2000;
7. Споменица двадесетпетгодишњице ослобоџења Јужне Србије 1912-1937, Скопље, 1937;